Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20 , 111/23, 73/24, 171/24 , 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25 ) и член 129ª од Статутот од општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02),04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) , и годишната програма за изработување на урбанистички планови на Општина Демир Хисар со број 17-1207/20 од 23.12.2025 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар го дава следното:

**СООПШТЕНИЕ**

**за организирање Јавен увид на**

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за изградба на градба со намена Е1.8- Инфраструктури за пренос на електрична енергија 10/20 KW среднонапонски кабелски вод на КП бр.2258, КП бр.2265, КП бр.2259 и КП бр.233/13, КО Стругово, Општина Демир Хисар.**

Се организира јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на градба со намена Е1.8- Инфраструктури за пренос на електрична енергија 10/20 KW среднонапонски кабелски вод на КП бр.2258, КП бр.2265, КП бр.2259 и КП бр.233/13, КО Стругово, Општина Демир Хисар, изработен од Друштво за геодетски работи, трговија и услуги „ГЕО БАЛКАН" ДООЕЛ Битола, со техн.бр 11-20/1/2025 од август 2025 година.

Проектниот опфат се наоѓа во КО Стругово, односно 4.5 километри од градот Демир Хисар и истиот влегува низ катастарските парцели КП бр.2258, КП бр.2259, КП бр.2265, КП бр.233/13, КП бр.233/2 и КП бр.233/3, КО Стругово, Општина Демир Хисар.

Површината на вака оформениот проектен опфат изнесува 1638,38 м2 или приближно околу 0,16 ха. Должината на трасата на планираната инфраструктура е 1.638,38 м должни, од кои сгласно направениот преклоп со ДУП, 681,25 м должни се во опфат на ДУП, а 957,13 м должни се надвор од опфат на ДУП.

Намената на градбата ќе биде Е1- Сообраќајни, линиски и други инфраструктури- како основна класа на намена, односно поединечна намена Е1.8- Инфраструктури за пренос на електрична енергија.

Јавниот увид ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Демир Хисар-www.demirhisar.gov.mk., во времетраење од 15 дена, почнувајќи од 05-06-2026 до 19.06.2026 година.

Се известуваат сите заинтересирани граѓани и правни лица од конкретното подрачје дека во горе-наведениот рок може да достават забелешки, предлози, мислења на анкетни листови во општинската администрација.

Информации на тел. 047/ 552 661.

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Градоначалник
Никола Најдовски

Бр. 11-529/1
04.06.2026г.